| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на линиски инфраструктурен објект – подземен електричен кабел од 35 kV во КО Три Чешми – вон град, Општина Штип |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Друштво за проектирање,трговија и услуги МОНОЛИТ ГРУП ДОО Штип |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Министерство за транспорт на РСМ |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Друштво за проектирање,трговија и услуги МОНОЛИТ ГРУП ДОО Штип |
| **Назив на работното место** | Горан Тренчевски - диа овластување бр.0.0683, одговорен планер |
| **Контакт податоци на лицето** | адреса: 5-ТА ПАРТИСКА КОНФЕРЕНЦИЈА бр.5-11 ШТИП, ШТИП |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| (1) Закон за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24 и 40/25);<br>(2) Правилник за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22 , 99/23 и 7/25) ;<br>(1) Закон за градење (пречистен текст Службен весник на РМ бр. 39/12)<br>(2) Други акти:<br>- УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за изградба на линиски инфраструктурен објект – подземен електричен кабел од 35 kV во КО Три Чешми – вон град, Општина Штип - кои произлегуваат од Просторниот План на Република Македонија; Агенција за планирање на просторот, тех. бр. Y66223, од Февруари 2024 година;<br>- Решение за Услови за планирање на просторот, издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање (Арх.бр УП1-15 430/2024 од 11.03.2024 година)<br>- ПЛАНСКА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за изградба на линиски инфраструктурен објект – подземен електричен кабел од 35 kV во КО Три Чешми – вон град, Општина Штип; Друштво за проектирање,трговија и услуги МОНОЛИТ ГРУП ДОО Штип, февруари 2024, тех. бр. 08-11/23-У (одобрена од Министерство за транспорт, бр. 67-712/5, 07.05.2025). |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| ДА ☒ Се донесува нов плански документ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| / |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да.<br>Планскиот документ се однесува на областа 'просторното и урбанистичкото планирање и користењето на земјиштето'. | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето?**<br>**Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).** | | | |
| **Да ☐**<br>**Не ☒** | **Член: /** | **Точка: /** | **Алинеја:/** |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина?**<br>**Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Не.<br>Со планскиот документ не се предвидува реализирање на проект за кој е потребно спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина.<br>Планскиот документ предвидува проект за изградба на линиски инфраструктурен објект – подземен електричен кабел од 35 kV во КО Три Чешми – вон град, Општина Штип. Изградбата на линиски инфраструктурен објект - подземен електричен кабел од 35 kV во КО Три Чешми вон град, Општина Штип, ќе овозможи подобрување на инфраструктурните услови во ова подрачје и ќе биде во функција на унапредување на енергетскиот сектор. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Да.<br>Планскиот опфат опфаќа користење на мала област, со површина од 0,5 хектари.<br>Планираниот објект е подземен електричен кабел од 35 kV што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Р.С. Македонија. | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |
| Целта на изработката на Урбанистичкиот проект е да се создадат услови за водење на 35 KV подземен вод од разводна табла која се наоѓа на ГГП, со кој ќе се овозможи поврзување на фотоволтаична електрана за производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија) до приклучна точка, со координати зададени од Електродистрибуција, Скопје.<br>Крајни цели на предметниот плански документ (Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план) се следните:<br>- зачувување на финансиските интереси на Република Македонија<br>- рационално користење на земјиштето<br>- максимално вклопување на објектите и инфраструктурата со теренот<br>- оформување препознатлива амбиентална целина<br>- почитување и заштита на правото на човекот на работа<br>- почитување и надградување на пејсажните вредности<br>- оформување културен пејсаж<br>- вградување нови и пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето<br>- подигнување на хуманоста во просторот и непречено движење на хендикепираните лица<br>- почитување и валоризација на културното и градителското наследство<br>- вградување на мерки за заштита на природата и животната средина<br>- вградување мерки за заштита и спасување<br>- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето<br>- почитување на законските прописи за дадената намена. | | | |

**Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Просторното и урбанистичкото планирање и користењето на земјиштето за соодветната намена – Е1.8. - Водови за пренос на електрична енергија.

**Период за донесување на планскиот документ.**

2025 година

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

/

**Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).**

Просторот кој е предмет на изработка на урбанистичкиот проект се наоѓа во КО Три Чешми - вон град, Општина Штип и истиот се наоѓа вон опфат на урбанистички план.
Предметната локација во КО Три Чешми-вон град, Општина Штип се наоѓа северозападно од населеното место Штип и ги опфаќа следните делови од катастерски парцели:
КП 287/2, КП 286, КП 288/2, КП 94, КП 95/10, КП 313/196, КО Три Чешми - вон град.

**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ?**

Да☒
Не☐

**Дали е приложена копија од целите?**

Да ☒
Не ☐

**Резиме на влијанијата врз животната средина**

(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето).

**Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**

Преглед и генерален опис на влијанијата врз животната средина во текот на имплементацијата на предметниот плански документ (Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на линиски инфраструктурен објект – подземен електричен кабел од 35 kV во КО Три Чешми – вон град, Општина Штип) се дадени во продолжение.

| Вид на потенцијално влијание | Изградба | Оперативност |
|---|---|---|
| Квалитет на воздух (емисија на прашина, гасови) | √x̄ x̄ X | |
| Создавање на комунални отпадни води | X | √ |
| Создавање на индустриски отпадни води | X | X |
| Деградација на почва / ризик од ерозија | X | X |
| Создавање на отпад | √ | √ |
| Користење оскудни природни или енергетски ресурси | X | X |
| Постапување со опасни материјали | X | X |
| Создавање на бучава и вибрации | √x̄ X | |
| Ослободување на топлинска енергија и/или нејонизирачко зрачење | X | X |
| Миризба | X | X |
| Влијание врз еколошките ресурси / вегетација / див свет | X | X |
| Визуелни влијанија / промена на физички и пределски карактеристики | X | X |
| Заначителни социо-економско влијание | X | X |
| Загрозување на културното наследство | X | X |
| Прекугранични влијанија | X | X |

√ = Можно    X = Не се очекува

<u>Фаза на изградба</u>

| | |
|---|---|
| За време на фазата на изградба на проектот кој е предмет на планскиот документ (Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на линиски инфраструктурен објект – подземен електричен кабел од 35 kV во КО Три Чешми – вон град, Општина Штип), а имајќи го предвид фактот дека истата ќе вклучи типични градежни работи, се очекуваат стандардни влијанија врз животната средина: прашина и емисии во воздух од сообраќајот поврзан со изградбата и градежната механизација и опрема; емисија на градежна бучава и создавање на градежен отпад и отпад од рушење и демонтажа на постојната локална железничка станица. Сите наведени влијанија се со ограничен обем, со краткотрајно времетраење и ниска магнитуда, т.е. со занемарлива до мала значајност, и според тоа, можат да бидат управувани со стандардни мерки за намалување на влијанијата и соодветна градежна организација и пракса.<br><br><u>Фаза на оперативност</u><br>За време на оперативната фаза на проектот кој е предмет на планскиот документ (Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на линиски инфраструктурен објект – подземен електричен кабел од 35 kV во КО Три Чешми – вон град, Општина Штип) не се очекуваат неповратни негативни влијанија врз животната и социјалната средина, бидејќи во заедничкиот железнички граничен премин со придружни содржини Табановце:<br>o Нема да се создаваат емисии во медиумите на животната средина (воздух, води и почва).<br>o Нема да се создава дополнителна емисија на бучава и вибрации во однос на тековното ниво на бучава и вибрации кои се поврзани со железничкиот сообраќај, кој тековно се одвива преку комплексот на постојната локална железничка станица.<br>o Ќе се создаваат ограничени количества комунален (комерцијален) отпад, вклучително и отпад од пакување, од секојдневните активности на вработениот персонал во заедничкиот железнички граничен премин и од патниците кои ќе транзитираат преку истиот. Со комерцијалниот отпад ќе се управува според барањата на македонската регулатива за управување со отпад и најдобрите меѓународни практики, со што ќе се овозможи негово безбедно отстранување од опфатот на железничкиот граничен премин од страна на лиценцирани постапувачи со отпад.<br>o Ќе се создаваат комунални отпадни води, од секојдневните активности на вработениот персонал во заедничкиот железнички граничен премин и од патниците кои ќе транзитираат преку истиот. Овие води, пред нивно испуштање во амбиенталната средина, ќе се пречистуваат во пречистителна станица која ќе биде инсталирана во опфатот на локацијата на предложениот железнички премин. | |
| **Веројатност, времетраење, фреквентност и повратност (реверзибилност) на влијанија** | Постои различна веројатност за појава на потенцијалните влијанија, како во фазата на изградба, така и во фазата на работа. Оние поврзани со фазата на изградба во однос на времетраењето ќе бидат ограничени на времето на изградба, додека другите се поврзани со имплементацијата на активностите предвидени со предметниот плански документ. Имплементацијата на планскиот документ ќе имплицира влијанија од локализиран и реверзибилен (повратен) карактер, по опсег ограничени во опфатот на истиот. Магнитудата на потенцијалните влијанија се очекува да биде во рангот од незначително до умерено влијание кое може да биде контролирано со превземање на соодветни мерки на претпазливост и заштита.<br>Според тоа, значајноста на влијанијата се очекува да биде во категоријата на нефундаментална промена на животната средина.<br>Детален преглед и анализа на потенцијалните влијанија врз животната средина од активностите предвидени со предметниот плански документ (Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на линиски инфраструктурен објект – подземен електричен кабел од 35 kV во КО Три Чешми – вон град, Општина Штип), како и мерките за избегнување и/или намалување на тие влијанија на ниво на проект ќе бидат опфатени во Елаборатот за заштита на животната средина, кој ќе биде изработен согласно стандардите и барањата вградени во релевантната македонска законска регулатива. |

| | |
|---|---|
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Во овој момент не постојат податоци за други активности или фактори во поширокиот регион на опфатот на предметниот плански документ (Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на линиски инфраструктурен објект – подземен електричен кабел од 35 kV во КО Три Чешми – вон град, Општина Штип) кои имаат можност за кумулативни влијанија во интеракција со активностите предвидени со истиот.<br>Анализа на потенцијалните кумулативни влијанија во случај на интеракција на два или повеќе проекти со потенцијал да предизвикаат слични и интерактивни влијанија, кои би резултирале со зголемена значајност на негативните ефекти врз здравјето на луѓето и животната средина, ќе биде вклучена во Елаборатот за заштита на животната средина за проектот предвиден со предметниот плански документ. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Не се очекуваат прекугранични влијанија. |
| **Ризици по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Имплементацијата на проектот предвиден со предметниот плански документ поседува потенцијал за појава на ризик од инциденти и/или несреќи кои би можеле да влијаат врз здравје на луѓето или животната средина (пожар, инцидентно истекување на хемиски материјали, повреда при работа, итн.).<br>Согласно релевантната законска регулатива, ќе бидат изработени превентивни процедури за управување со вонредни состојби за кои постои веројатност на појава во текот на имплементација на предметниот плански документ (Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на линиски инфраструктурен објект – подземен електричен кабел од 35 kV во КО Три Чешми – вон град, Општина Штип), т.е. при спроведување на фазите на изградба и оперативност на проектот предвиден со истиот. Овие процедури, базирани на добра градежна и оперативна пракса, како и на превентивни заштитни мерки ќе го минимизираат ризикот од појава на инциденти и/или несреќи.<br>Овој аспект ќе биде опфатен во Елаборатот за заштита на животната средина за проектот предвиден со предметниот плански документ. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Предметната локација за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план за изградна ба линиски инфраструктурен објект - подземен електричен кабел од 35 kV во КО Три Чешми - вон град, Општина Штип, се наоѓа северозападно од населеното место Штип, на надморска височина од 300-310 метри и е надвор од опфатот на Генералниот план на град Штип.<br>Проектниот опфат ги опфаќа следните делови од катастарски парцели:<br>КП 287/2, КО Три Чешми - вон град<br>КП 286, КО Три Чешми - вон град<br>КП 288/2, КО Три Чешми - вон град<br>КП 94, КО Три Чешми - вон град<br>КП 95/10, КО Три Чешми - вон град<br>КП 313/196, КО Три Чешми - вон град<br>Вкупната површина на проектниот опфат изнесува 5057,8 m2 односно 0,5 ha. Должината на предвидената траса е 843 m.<br>Почетната и крајната точка на трасата се означени во графичките прилози.<br>- Почетната точка на трасата е од разводна табла која се наоѓа на ГГП, преку која ќе се овозможи поврзување на фотоволтаична електрана за производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија), од новопланираната трафостаница.<br>- Крајната точка е одредена согласно приклучната точка зададена со координати од Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје. |

## Список на координати на прекршни точки на проектен опфат:

| | x | y |
|---|---|---|
| 1 | 7596508.37 | 4625466.59 |
| 2 | 7596505.34 | 4625462.64 |
| 3 | 7596509.82 | 4625470.06 |
| 4 | 7596497.92 | 4625472.72 |
| 5 | 7596495.87 | 4625470.13 |
| 6 | 7596500.12 | 4625475.81 |
| 7 | 7596471.94 | 4625487.69 |
| 8 | 7596468.26 | 4625485.06 |
| 9 | 7596474.21 | 4625491.09 |
| 10 | 7596442.82 | 4625503.48 |
| 11 | 7596440.49 | 4625500.30 |
| 12 | 7596444.75 | 4625506.68 |
| 13 | 7596421.53 | 4625513.83 |
| 14 | 7596419.67 | 4625511.07 |
| 15 | 7596425.32 | 4625517.04 |
| 16 | 7596400.30 | 4625527.76 |
| 17 | 7596398.09 | 4625524.70 |
| 18 | 7596403.20 | 4625530.91 |
| 19 | 7596375.60 | 4625541.41 |
| 20 | 7596373.26 | 4625538.62 |
| 21 | 7596378.48 | 4625544.52 |
| 22 | 7596350.71 | 4625555.21 |

| | x | y |
|---|---|---|
| 23 | 7596348.72 | 4625552.42 |
| 24 | 7596353.64 | 4625558.43 |
| 25 | 7596326.86 | 4625568.50 |
| 26 | 7596323.56 | 4625565.94 |
| 27 | 7596329.16 | 4625571.71 |
| 28 | 7596301.69 | 4625581.96 |
| 29 | 7596298.77 | 4625578.41 |
| 30 | 7596304.91 | 4625585.54 |
| 31 | 7596276.67 | 4625595.79 |
| 32 | 7596275.08 | 4625593.11 |
| 33 | 7596280.07 | 4625598.52 |
| 34 | 7596253.51 | 4625610.01 |
| 35 | 7596250.69 | 4625607.24 |
| 36 | 7596256.47 | 4625612.36 |
| 37 | 7596236.31 | 4625619.59 |
| 38 | 7596234.47 | 4625616.35 |
| 39 | 7596239.43 | 4625622.32 |
| 40 | 7596209.52 | 4625634.67 |
| 41 | 7596207.55 | 4625631.71 |
| 42 | 7596212.76 | 4625637.92 |
| 43 | 7596186.23 | 4625649.37 |
| 44 | 7596183.92 | 4625646.45 |

| | x | y |
|---|---|---|
| 45 | 7596189.31 | 4625651.90 |
| 46 | 7596162.73 | 4625664.85 |
| 47 | 7596160.41 | 4625662.31 |
| 48 | 7596166.02 | 4625668.03 |
| 49 | 7596155.21 | 4625670.08 |
| 50 | 7596152.63 | 4625667.15 |
| 51 | 7596158.80 | 4625672.70 |
| 52 | 7596132.58 | 4625691.77 |
| 53 | 7596130.19 | 4625694.88 |
| 54 | 7596136.33 | 4577244.43 |
| 55 | 7596111.58 | 4625707.51 |
| 56 | 7596114.94 | 4625711.21 |
| 57 | 7596108.28 | 4625703.84 |
| 58 | 7596088.99 | 4625721.17 |
| 59 | 7596085.86 | 4625718.44 |
| 60 | 7596091.36 | 4625724.21 |
| 61 | 7596092.78 | 4625741.09 |
| 62 | 7596090.02 | 4625738.56 |
| 63 | 7596095.88 | 4625745.26 |
| 64 | 7596082.26 | 4625748.26 |
| 65 | 7596084.84 | 4625751.00 |
| 66 | 7596080.15 | 4625745.08 |
| 67 | 7596065.49 | 4625744.80 |
| 68 | 7596063.75 | 4625749.09 |
| 69 | 7596067.47 | 4625741.11 |
| 70 | 7596053.41 | 4625740.84 |
| 71 | 7596052.01 | 4625745.05 |
| 72 | 7596054.03 | 4625737.89 |
| 73 | 7596022.65 | 4625750.56 |
| 74 | 7596030.64 | 4625753.42 |
| 75 | 7596025.86 | 4625746.96 |

| | x | y |
|---|---|---|
| 76 | 7544092.28 | 4577713.35 |
| 77 | 7544174.98 | 4577736.62 |
| 78 | 7544205.26 | 4577747.07 |
| 79 | 7544221.89 | 4577752.55 |
| 80 | 7544222.81 | 4577810.48 |
| 81 | 7544215.33 | 4577810.48 |
| 82 | 7544215.33 | 4577816.48 |
| 83 | 7544228.90 | 4577816.48 |
| 84 | 7544227.82 | 4577748.18 |
| 85 | 7544207.17 | 4577741.39 |
| 86 | 7544176.78 | 4577730.89 |
| 87 | 7544093.71 | 4577707.51 |
| 88 | 7543979.47 | 4577683.72 |
| 89 | 7543957.40 | 4577677.91 |
| 90 | 7543929.81 | 4577669.51 |
| 91 | 7543882.58 | 4577651.64 |
| 92 | 7543869.92 | 4577647.90 |
| 93 | 7543863.63 | 4577638.82 |
| 94 | 7543814.22 | 4577621.13 |
| 95 | 7543776.83 | 4577603.94 |
| 96 | 7543728.57 | 4577578.97 |
| 97 | 7543672.21 | 4577560.21 |
| 98 | 7543615.45 | 4577540.74 |
| 99 | 7543601.80 | 4577538.79 |
| 100 | 7543569.74 | 4577533.15 |
| 101 | 7543546.38 | 4577519.60 |
| 102 | 7543481.80 | 4577492.53 |
| 103 | 7543374.47 | 4577477.91 |
| 104 | 7543328.51 | 4577463.50 |
| 105 | 7543282.29 | 4577448.73 |




Пошироко опкружување – Општина *Три Чешми - вон град, Општина Штип*

**Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:**

Во поширок контекст, имплементацијата на планскиот документ ќе придонесе кон создавање на услови за интензивирање на социо-економскиот развој во регионот, преку реализација на следните цели:
- Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.
- Изградбата на линиски инфраструктурен објект - подземен електричен кабел од 35 kV во КО Три Чешми вон град, Општина Штип, ќе овозможи подобрување на инфраструктурните услови во ова подрачје и ќе биде во функција на унапредување на енергетскиот сектор.
- Иницијативата за поставување на линиски инфраструктурен објект подземен електричен кабел од 35 kV во КО Три Чешми вон град, Општина Штип, ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина. Изградбата на водот ќе обезбеди поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Р. Северна Македонија.
- Иницијативата за поставување на линиски инфраструктурен објект подземен електричен кабел од 35 kV во КО Три Чешми вон град, Општина Штип, е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Р. Северна Македонија, со што се овозможува квалитативно И квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот како негова основна клетка.

**Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**

- Планскиот документ (Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на линиски инфраструктурен објект – подземен електричен кабел од 35 kV во КО Три Чешми – вон град, Општина Штип) ќе се спроведува во подрачје кое не претставува недопрено

| | |
|---|---|
| природно опкружување и на кое постојат различни антропогени влијанија и антропогени форми на користење на земјиштето (железничка инфраструктура, патишта, различна енергетска и стопанска инфраструктура (далекуводи, објекти за земјоделско-сточарска намена и друго)).<br>- Планскиот документ (Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на линиски инфраструктурен објект – подземен електричен кабел од 35 kV во КО Три Чешми – вон град, Општина Штип) не предвидува менување на тековната форма на користење на земјиштето, ниту користење на ново.<br>Според горенаведеното, областа засегната со донесување на планскиот документ не поседува висока природна или пределска вредност, ниту се карактеризира со економско-социјална ранливост или ранливост од природни хазарди. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Природни карактеристики<br><br>**Водостопанство и водостопанска инфраструктура**<br><br>- Дел од трасата на кабелот се наоѓа во поширокaта заштитна зона на експлоатациони бунари „Фортуна", „Штипско Езеро" и „АРМ" од каде се водоснабдува градот Штип. При реализацијата на проектот и експлоатација на кабелот да се почитува режимот на заштита во заштитните зони на бунарите дефинирани со „Правилникот за начинот на определување и одржување на заштитни зони околу изворите на вода за пиење".<br>- За наводнување на обработливите површини во ВП „Средна и Долна Брегалница" изградени се системи за наводнување кои покриваат површина од 25.758 ha. При изработка на документацијата да се утврди местоположбата на постоечката и планираната инфраструктура за наводнување и одводнување на обработливите површини и соодветно на тоа да се преземат мерки за нивна заштита и непречено функционирање.<br><br>Културно наследство<br><br>Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија 3 на подрачјето на катастарската општина Три Чешми има евидентиран еден недвижен споменик на културата и археолошки локалитет.При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото. Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно- историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, Законот за заштита културното наследство и важечките законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Во планскиот опфат и неговото опкружување не се утврдени надминувања на стандардите за квалитет на животната средина кои би можеле да влијаат на имплементацијата на планскиот документ.<br>Имплементацијата на планскиот документ не се очекува да предизвика надминување на стандардите за квалитет на животната средина и граничните вредности при нормално функционирање на проектот во неговите фази од |

| | |
|---|---|
| | имплементација. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Предметниот плански документ (Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на линиски инфраструктурен објект – подземен електричен кабел од 35 kV во КО Три Чешми – вон град, Општина Штип) не предвидува значително менување на тековната форма на користење на земјиштето, ниту нов вид на интензивна употреба на земјиштето во планскиот опфат.<br>- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. |
| **Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Пејсажниот квалитет на подрачјето во планскиот опфат и во неговата пошироко околина е низок, што е одразено и во отсуството на прогласени заштитени предели од каков било вид. Пределот опфаќа одреден број на антропогени намени на земјиштето и антропогени појави. Според тоа, предметниот плански документ (Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на линиски инфраструктурен објект – подземен електричен кабел од 35 kV во КО Три Чешми – вон град, Општина Штип) не поседува потенцијал за негативно влијание врз пределските вредности, ниту за време на изградбата ниту за време на оперативната фаза на проектот предвиден со планскиот документ. |

| |
|---|
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:** |
| Со урбанистичкиот проект се создаваат предуслови за развој на локалната економија и ефектуирање на даночната обврска на сопствениците за плаќање данок на имот што претставува значаен извор на приход на локалната самоуправа. Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нивна надлежност со што ќе овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитето на услугите кои локалната самоуправа ги дава на своите граѓани. Целта на изработка на овој урбанистички проект е создавање услови за организација и ефикасно користење на просторот, обединување на подобрена енергетска инфраструктура и поврзување на новопланирана инсталација со постојната.<br>Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна фаза нема да претставува значителем товар врз животната средина. |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br>Во близина на предметниот проектен опфат, нема резиденцијални објекти. |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој (да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).** |
| Преку одржливиот развој ќе се создадат услови за планирање на организиран простор за градба кој ќе биде реализиран и ќе претставува нов циклус во развојот на електроенергетската инфраструктура. |

Од аспект на одржливост, донесувањето на Урбанистичкиот проект, позитивно ќе влијае врз:

- Привлекување на нова работна сила;
- Намалување на сиромаштијата;
- Развој на локалната и национална економија

Видот и обемот на проектот предвиден со планскиот документ не поседува потенцијал да предизвика значителни еколошки проблеми и неповратно нарушување на квалитетот на животната средина во подрачјето засегнато од активностите предвидени со планскиот документ.

Имплементацијата на планскиот документ ќе биде усогласена со принципите на одржлив развој, со максимално почитување и вградување на нормативите и стандардите за заштита на животната средина, базирано на принципите на претпазливост и превентивност кои ќе обезбедат избегнување и контрола на потенцијалните влијанија врз животната средина. Според тоа, изградбата на на линиски инфраструктурен објект – подземен електричен кабел од 35 kV во КО Три Чешми – вон град, Општина Штип, ќе имплицира позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, а во функција на севкупниот одржлив економски развој.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**

Подрачјето кое е засегнато со активностите предвидени со предметниот плански документ (Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на линиски инфраструктурен објект – подземен електричен кабел од 35 kV во КО Три Чешми – вон град, Општина Штип) не претставува подрачје со нарушен квалитет на животната средина, ниту се евидентирани еколошки проблеми кои би претставувале ограничувачки фактор или би го забавиле спроведувањето на истиот.

Неправилно управување со отпадот, како и невнимание при инсталација, може да доведе до опожарување и загадување на животната средина и здравјето на човекот.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Оваа планска документација (Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на линиски инфраструктурен објект – подземен електричен кабел од 35 kV во КО Три Чешми – вон град, Општина Штип) е поврзана со:

- Просторен план на Р.С.М.;
- Национален план за управување со отпад;
- Национална стратегија за економски развој на РМ 1998;
- Национална стратегија за одржлив развој;
- Втор национален еколошки акционен план на РМ;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;
- Стратегија за мониторинг на животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Предметниот плански документ (Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за

| |
|---|
| изградба на линиски инфраструктурен објект – подземен електричен кабел од 35 kV во КО Три Чешми – вон град, Општина Штип) не бил предмет на стратегиска оцена на животната средина, ниту бил третиран со друга планска документација. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br>Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.<br>Овој проект спаѓа во Уредбата за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат,а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина Прилог 1, точка V-Енергетика, потточка 5-Електрани кои користат обновливи извори на енергија (сонце, ветер, биомаса, биогас, геотермална и др.) со моќност до 200 MW. |

| **ИЗЈАВА** | **Потврдуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
|---|---|
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кое го носи планскиот документ во име на органот** | **Министер<br>Александар Николоски** |
| Бр.67-712/9<br>Датум:28.05.2025 година<br>Место: Скопје | **М.П.** |